Врз основа на членот 36 став 1 точка 1 и точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 15.12.2023 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## за активностите на Општина Кочани во областа на заштитата на животната средина во 2024 година

## I. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Стратешка цел на програмата:

Програмата на Општина Кочани за заштита на животната средина е насочена кон спроведување на активности за заштита на животната средина во надлежност на локалната самоуправа, исполнување на барањата на македонското законодавство за животна средина, обезбедување на поквалитетни услови за живот на граѓаните и почиста животна средина во општината.

Општа цел на програмата:

-Да се обезбедат практични и финансиски изводливи решенија за приоритетните проблеми и активности во областа заштита на животната средина;

-Прифаќање на еколошката проблематика во останатите секторски програми во насока на одржлив развој на локалната заедница.

Специфични цели на програмата:

-Системска контрола на квалитетот на животната средина во општината;

-Донесување/спроведување на краткорочни мерки за заштита на амбиенталниот воздух при алармантни состојби;

-Систематизирано спроведување и подобрување на постојниот систем за управување со отпадот во општината.

## II. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за активностите на Општина Кочани во областа на заштитата на животната средина во текот на 2024 година ќе бидат насочени кон:

**1.** Контрола, анализа, следење и информирање за квалитетот на животната средина на територијата на општината согласно тековни потреби и барања и тоа на: контрола на квалитетот на амбиенталниот воздух преку спроведување на целни мерења на поединечни стационарни извори и мерење на ПМ10 во амбиенталниот воздух, контрола на отпадните води, влијание од бучава во животната средина;

Табеларно е дадена спецификацијата на планираните мерења/анализи во 2023 година.

Анализа на квалитет во животната средина

| Ред. бр. | С п е ц и ф и к а ц и ј а | ед. мера |
|---|---|---|
| 1. | БУЧАВА во животната средина | |
| 1.1 | Мерење и анализа на ниво на бучава во животната средина предизвикана од производни и услужни дејности | мерно место |
| 1.2 | Мерење и анализа на ниво на бучава во животната средина од станбени или деловни објекти | мерно место |
| 2. | ОТПАДНИ ВОДИ | |
| 2.1 | Ефлуент од постројки за преработка на млеко и млечни производи (општи показатели, биолошки показатели, органски показатели, анаргански показатели) | земање и анализа по примерок |
| 2.2 | Ефлуент од постројки за производство, преработка и конзервирање на месо и месни производи (општи показатели, биолошки показатели, органски показатели, анаргански показатели) | земање и анализа по примерок |
| 2.3 | Ефлуент од постројки за преработка и конзервирање на земјоделски производи (општи показатели, биолошки показатели, органски показатели, анаргански показатели) | земање и анализа по примерок |
| 2.4 | Ефлуент од постројки за површинска обработка на метали(општи показатели, биолошки показатели, органски показатели, анаргански показатели | земање и анализа по примерок |
| 2.5 | Ефлуент од постројки за производство и преработка на текстил (општи показатели, биолошки показатели, органски показатели, анаргански показатели) | земање и анализа по примерок |
| 2.6 | Ефлуент од постројки од обласна на печатарската/графичката дејност(општи показатели, биолошки показатели, органски показатели, анаргански показатели | земање и анализа по примерок |
| 2.7 | Ефлуент од други постројки неопфатени од ред.бр. 2.1 – 2.6 (општи показатели, биолошки показатели, органски показатели, анаргански показатели) кој се испушта во површински води | земање и анализа по примерок |
| 2.8 | Ефлуент од други постројки неопфатени од ред.бр. 2.1 – 2.6 (општи показатели, биолошки показатели, органски показатели, анаргански показатели) кој се испушта во канализационен систем | земање и анализа по примерок |
| 3. | ЕМИСИИ ОД ИСПУСТИ | |
| 3.1 | Основни физички параметри и загадувачки супстанции од ложишта на дрво, дрвени брикети и отпад од земјоделски култури СО ТОПЛИНСКА МОЌ НА ЛОЖИШТЕТО ОД 1 ДО 50 MW (прашина, CO, NOx,SO2,чадни единици) | мерно место |
| 3.2 | Основни физички параметри и загадувачки супстанции од ложишта на течни горива СО ТОПЛИНСКА МОЌ НА | мерно место |

| | | |
|---|---|---|
| | ЛОЖИШТЕТО ОД 1 ДО 50 MW (прашина, CO, NOx, $SO_2$,чадни единици) | |
| 3.3 | Основни физички параметри и загадувачки супстанции од ложишта СО ТОПЛИНСКА МОЌ НА ЛОЖИШТЕТО до 1 MW (прашина, CO, NOx, $SO_2$,чадни единици) | мерно место |
| 4. | ЕМИСИИ НА ПРАШИНА ВО АМБИЕНТАЛЕН ВОЗДУХ | |
| 4.1 | Суспендирани честички со големина до десет микрометри - PM10 | мерно место |

**2.** Донесување/спроведување на краткорочни мерки за заштита на амбиенталниот воздух при алармантни состојби (препораки од Влада на Р. С. Македонија)

2.1. Предлог локални вонредни мерки за намалување на емисиите во ситуација на епизоди со високи концентрации на загадувачки супстанции.

(Конкретни мерки за постапување при алармантни состојби)

2.1.1. Сообраќај

- поголемо ограничување на брзината на локалните и регионалните патишта;

- ограничувања на сообраќајот врз основа на: тип на возило (товарни возила, приватни возила) возила со парни или непарни регистарски таблички, емисии од возилата;

- зони на ниски емисии;

- бесплатен јавен превоз;

- обезбедување паркинг за возила исклучени од сообраќај;

- чистење на улиците и пешачките површини;

- прскање на улиците во надлежност на Општината со калциум магнезиум ацетат;

- доставата на стоки со возила да се извршува пред 7:30 или по 18 часот;

- градежните машини (багери, булдожери, виљушкари) да се пренесат до градилиштата до 7:30 часот;

- активна имплементација и контрола на веќе воведениот сообраќаен режим за тешки товарни возила чија крајна дестинација не е Кочани (да ја користат обиколницата).

2.1.2. Други мерки и препораки

- ограничување емисии од стационарни извори;

- зголемени инспекциски контроли на А и Б-ИСКЗ инсталации ;

- зголемени инспекциски контроли на оџаците во домаќинствата, објектите и индустриските и занаетчиските постројки;

- зголемени инспекциски контроли на субјектите кои управуваат со отпадни гуми и отпадни масла;

- термичка изолација на зградите, јавните и деловни објекти (енергетска ефикасност);

- користење вода за намалување на прашината при градежни активности (прскање, миење гуми пред излез од градилиште итн.);

-ограничување на градежните активности на објектите во надлежност на општината;

-да се зголемат и спроведат вонредни инспекциски контроли на градилиштата;

- доброволно ограничување на горење дрва;

- доброволно ограничување на греењето;

- откажување/одложување на големи јавни собири, спортски настани и културни настани на отворено.

2.1.3 Препораки до граѓаните

- возилата да не се користат без потреба

- повеќе лица да се возат во едно возило

- да се користи јавниот превоз

- за затоплување на домовите да не се користат отпадни материјали, прегорено машинско масло, лакирани и обоени отпадоци од дрво, стиропор, ПЕТ амбалажа, гуми и каков било синтетички материјал

- да се користи суво и чисто дрво без примеси од земја и од отпадоци

- печките на дрво да се користат и одржуваат според упатствата на производителот

- редовно да се чистат оџаците.

3. Засадување на хибридни садници на територијата на Општина Кочани

Засадување на хибридни садници на територијата на Општина Кочани. Во дел од акциите ќе бидат вклучени здруженија на граѓани и невладини организации.Целта е збогатување со зелена маса како природен прочистувач на воздухот, природна звучна бариера, разубавување и подобар естетски/пејсажен изглед на градот.Садниците ќе бидат обезбедени од страна на општина Кочани.

4. Субвенционирање на велосипеди за одржлив урбан транспорт

| | Проект | Предвидени средства од Програмата за животна средина (мкд) |
|---|---|---|
| | Заштита на животната средина и природа | |
| 1 | Анализи на квалитет на животна средина | 400.000,00ден. |

| | | |
|---|---|---|
| 2 | Засадување на хибридни садници | 1.600.000,00ден. |
| 3 | Субвенционирање на велосипеди за одржлив урбан транспорт | 350.000,00 ден. |
| | Вкупно: | 2.350.000,00ден. |

III. ФИНАНСИРАЊЕ

Предвидените проектни активности во рамки на оваа програма се со вкупна вредност од 2.350.000,00ден.

Овие 2.350.000,00ден. ќе бидат финансирани од средствата на Буџетот на Општина Кочани за 2024 година.

IV.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-2217/1
15.12.2023 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Лазо Митев